МОДУЛ **3.** ПРЕПРАВИ**,** ИСКОРИСТИ**,** ИЗМИСЛИ ПОВТОРНО

# ВЕЖБА 8.

## “ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ПРЕПРАВКИ И ПРЕОБЛИКУВАЊЕ – ПОКРИЕНО СО КРЕАТИВНОСТ”



ПРОЦЕНЕТО ВРЕМЕ: 60 МИНУТИ

ФОКУС: ОДРЖЛИВИ ПРЕПРАВКИ, СЛИКАЊЕ НА ТЕКСТИЛ, КРЕАТИВНО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ



ОВАА АКТИВНОСТ СЕ НАДОВРЗУВА НА МОДУЛ 2, ВЕЖБА 4, КАДЕ ГИ НАУЧИ ОСНОВНИ ВЕШТИНИ ЗА ШИЕЊЕ – СЕГА ЌЕ КОРИСТИШ КРЕАТИВНОСТ И БОЈА ЗА ТЕКСТИЛ ЗА ДА ПРЕПРАВИШ ПАРЧЕ ОБЛЕКА НА СМЕЛ И УМЕТНИЧКИ НАЧИН.

ИНСТРУКЦИИ:

**ДОБРЕДОЈДЕ НА РАБОТИЛНИЦАТА КАДЕ ЌЕ НАУЧИШ КАКО ДА ИМ ДАДЕШ НОВ ЖИВОТ НА ПАРЧИЊАТА ОБЛЕКА НА КОИ ИМА ДАМКИ – ПРЕКУ УМЕТНОСТ!**

ЕВЕ ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИШ:

1. ОЖИВЕЈ ЈА ОБЛЕКАТА СО ДАМКИ

ИЗБЕРИ ПАРЧЕ ОБЛЕКА СО ВИДЛИВА ДАМКА ИЛИ ИСКОРИСТИ ПРИМЕРОК ШТО ЌЕ ТИ БИДЕ ОБЕЗБЕДЕН. ЦЕЛТА ДЕНЕС НЕ Е ДА СЕ СОКРИЕ ДАМКАТА – ТУКУ ДА СЕ ТРАНСФОРМИРА.

2. ИЗБЕРИ ЈА ТВОЈАТА ТЕХНИКА

ЌЕ НАУЧИШ КАКО ДА ПОКРИВАШ ДАМКИ СО:

- БОЈА ЗА ТЕКСТИЛ
- ШАБЛОНИ И ПЕЧАТИ
- ЦРТАЊЕ ИЛИ СЛИКАЊЕ „ОД РАКА“

Co-funded by the European Union

FERI

MATA

## ВЕЖБА 8.

# “ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ПРЕПРАВКИ И ПРЕОБЛИКУВАЊЕ – ПОКРИЕНО СО КРЕАТИВНОСТ”

3. 3. ИСПЛАНИРАЈ ГО ТВОЈОТ ДИЗАЈН
ПРЕД ДА ЗАПОЧНЕШ СО БОЕЊЕ, НАЦРТАЈ СКИЦА ОД ТВОЈАТА ИДЕЈА. РАЗМИСЛИ ЗА СИМБОЛИ, ФОРМИ ИЛИ ПОРАКИ ШТО ЈА ОДРАЗУВААТ ТВОЈАТА ЛИЧНОСТ ИЛИ ВРЕДНОСТИ – ОД РАСТЕНИЈА И ЖИВОТНИ ДО АПСТРАКТНИ ШАРИ ИЛИ АКТИВИСТИЧКИ СЛОГАНИ.

4. ПОДГОТВИ ЈА ПОВРШИНАТА
ОСИГУРАЈ СЕ ДЕКА ТКАЕНИНАТА Е ЧИСТА И СУВА. СТАВИ КАРТОН ВНАТРЕ ВО ОБЛЕКАТА ЗА ДА СПРЕЧИШ БОЈАТА ДА ПРОДРЕ НА ДРУГАТА СТРАНА.

5. ПОЧНИ СО БОЕЊЕ
НАНЕСИ ГО ТВОЈОТ ДИЗАЈН СО ЧЕТКИ, СУНЃЕРИ ИЛИ МАРКЕРИ. РАБОТИ БЕЗ БРЗАЊЕ – ГРЕШКИТЕ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕТВОРАТ ВО НОВИ КРЕАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ! АКО КОРИСТИШ ШАБЛОНИ, ДРЖИ ГИ ЦВРСТО ИЛИ ЗАЛЕПИ ГИ ЗА ТКАЕНИНАТА.

6. ОСТАВИ ДА СЕ ИСУШИ
ОСТАВИ ЈА НАСЛИКАНАТА ОБЛЕКА ЦЕЛОСНО ДА СЕ ИСУШИ. ПОДОЦНА, СО ПОМОШ ОД ЕДУКАТОРОТ, МОЖЕШ ДА ЈА ФИКСИРАШ БОЈАТА СО ПЕГЛА.

ПОБАРАЈ ПОДДРШКА
ТВОЈОТ ЕДУКАТОР И ВРСНИЦИТЕ СЕ ТУКА ЗА ДА ТИ ПОМОГНАТ СО СОВЕТИ ЗА ДИЗАЈН, ТЕХНИКИ НА БОЕЊЕ ИЛИ ИДЕИ ДОКОЛКУ СИ ЗАГЛАВЕН/А.

Co-funded by the European Union

МОДУЛ **3.** ПРЕПРАВИ**,** ИСКОРИСТИ**,** ИЗМИСЛИ ПОВТОРНО

## ВЕЖБА 8.

# "ЛАБОРАТОРИЈА ЗА ПРЕПРАВКИ И ПРЕОБЛИКУВАЊЕ – ПОКРИЕНО СО КРЕАТИВНОСТ"

РАЗМИСЛИ ЗА СВОЕТО ИСКУСТВО

- КАКВО БЕШЕ ЧУВСТВОТО ДА ПРЕТВОРИШ ДАМКА ВО ПРИКАЗНА ИЛИ ДИЗАЈН?
- ДАЛИ СЛЕДНИОТ ПАТ БИ ЈА ФРЛИЛ/А ОБЛЕКАТА, ИЛИ БИ ЈА ПРЕНАМЕНИЛ/А СО НЕКАКВА ПРЕПРАВКА?
- МОЖЕ ЛИ УМЕТНОСТА ДА БИДЕ ДЕЛ ОД ОДРЖЛИВОСТА?







Co-funded by the European Union

FERI

MATA